**Билјана Лалчевска Серафимовска – директор**



Билјана Лалчевска Серафимовска е родена на 22.10.1972 година во Скопје. Таа е доктор на менаџмент во образование.
Лалчевска Серафимовска дипломирала на Педагошкиот факултет Св. Климент Охридски во Скопје, насока одделенска настава (1998), магистрирала на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2009), а докторирала на Институт за педагогија при Филозофскиот факултет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје - (2017).

Билјана Лалчевска Серафимовска своето работно искуство го започнува во ООУ. ,, 11 Октомври"- Скопје. Од декември 2005 станува надворешен соработник на ДЕТРА Центар -Институт за менаџмент, Скопје каде повремено е ангажирана како обучувач и предавач на теми кои се поврзани со образованието. Во периодот од 2010 година до 2012 година, Лалчевска Серафимовска е именувана за вршител на должност Директор во истоимeното училиште, каде успешно ја извршува оваа функција.
Својот професионален и кариерен развој го надградува во и надвор од нејзината матична институција. Во 2014 година, добитник е на годишна Општинска награда за врвни достигнувања во образованието - „Феникс", а во 2017 година по повод одбележувањето на денот на словенските просветители, Лалчевска Серафимовска е прогласена за најдобар одделенски наставник, каде и е доделена награда од Општина Центар.

Има посетувано и завршено многу обуки организирани од релевантни институции како што се: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Министерство за култура и се има стекнато со многубројни сертификати како во земјата, така и надвор од неа. Обучувач е на многубројни програми и проекти кои се спроведуваат од страна на надлежните институции и е секогаш во чекор со новините кои се реализираат во образованието и културата.
Во 2010 година, Лалчевска Серафимовска има добиено грант од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во Велика Британија - Лондон, каде има учествувано на 24 Меѓународна конференција на европската асоцијација.
Од 2006 година до денес, активно учествува со свои трудови на меѓународни конференции, симпозиуми, конгреси и научни собири од областа на образованиети и културата и има објавено свои трудови во списанија и зборници.
Од 2018 година е директор на ЈУ.Детски културен центар – Карпош, каде ги следи сите иновации и активно партиципира со својата креативност и размислувања за унапредување на културата и афирмирање на истата. Иницијатор е на нови креативни културни манифестации и проекти кои се поддржани од Град Скопје и Министерство за култура и успешно се реализираат во градот и пошироко.
Автор е на повеќе публикации за деца од областа на образованието и културата.
Активно се служи со македонскиот (мајчин) јазик и англискиот јазик, српскиот јазик и хрватскиот јазик.